НАОДИ ОД АРХЕОЛОШКИТЕ ИСКОПУВАЊА

# КОКИНО

Национална Установа Музеј Куманово



МУЗЕЈ КУМАНОВО

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

supported by UNESCO

**Издавач:**
НУ Музеј Куманово

**Главен и одговорен уредник:**
Богдан Таневски

**Автор на изложбата и каталогот:**
Дејан Ѓорѓиевски

**Фотографии на наодите:**
Столе Петковски

**Дизајн и компјутерска обработка:**
Мирослав Величковски

**Печати:**

**Тираж:**

## Кокино – археолошки содржини на локалитетот

Како што многу често се случува со големите археолошки откритија, приказната за Кокино започнува случајно, за времетраење на сосема поинакво археолошко ископување, во близина на селото Стрновац. По добиените сознанија дека на врвот Татиќев Камен, „трагачите по богатство“ повторно останале без посакуваниот плен, и дека, сé што откриле било само фрагменти од груби керамички садови, археолозите од НУ Музеј Куманово за прв пат, во длабоката есен 2001, стапнаа на локалитетот Кокино. Екипата предводена од Јовица Станковски, секако дека нé претпоставуваше дека со малиот обем на пробните сонди ќе го откријат еден од најзначајните локалитети од македонската праисторија. По аналогија, уште од самиот почеток, локалитетот се ископуваше по методологија на истражување на населбите од бронзенодопскиот период. Следните кампањи (до 2005 г.) резултираа со голем број на фрагментирани садови, куќен лепеж и алатки, односно со сите елементи кои ги содржи една бронзенодопска куќа. Се откри сé, освен основите на самите куќи. Тоа беше сериозна индикација за археолозите да започнат да размислуваат поинаку, и да отстапат со вообичаената, најлогична интерпретација на наодите и ситуациите. Со проширување на ископувањата, но и со мултидисциплинарниот пристап во истражувањето, археологот Станковски претпостави дека карпестиот рид над селото Кокино, во својата изворна фаза, претставувал светилиште, односно света планина или свет врв. Светилиштето доста веројатно било со регионален карактер, можеби и култен центар, со извонредна видливост во радиус од околу 30 км. Ова откритие силно одекна во балканските археолошки кругови, пред се, поради фактот што дотогаш, сосема малку се знаеше за верувањата на луѓето од бронзенодопскиот период. Светите планини беа евидентирани, како на Крит, така и во Бугарија, со тоа што последните доста подоцна се користени за таа цел. Просторот на денешна Република Македонија претставуваше „црна точка“ во тој поглед, и освен парцијално публикуваното светилиште од Пелинце, немаше сигурни аналогии за реконструкција на изведуваните обреди на Кокино.



Археолошките ситуации, евидентно зборуваат дека на самиот рид над Кокино, особено на северната страна, почнувајќи од помладата фаза на раното бронзено време, се вршело ритуално



полагање на даровите, и тоа на три начина. Според Станковски, природните процепи на карпите на врвот од ридот, биле користени за ритуално оставање на дарови, во вид на садови со различна форма, кои потоа биле грижливо покриени со земја, и понекогаш со лепеж. Даровите поретко биле во форма на фигурини, алатки и сл. Вториот начин на полагање на истите дарови е евидентиран на т.н. Северна тераса, каде што, археолозите констатирале голем број на јами со различна големина, во кои што биле оставени даровите. Третиот начин пак, претставува формирање на цели кружни камени конструкции во вид на мали тумули, во кои што ретко се наоѓани цели предмети in situ (слична е и ситуацијата со останатите јами и процепи), но, скоро секогаш покрај себе имаат фрагментиран сад, прешлен, плочка



или камена алатка. Стрмниот терен претходно бил нивелиран со поставување на помали ѕидови, а целата тераса била оградена со два паралелни ѕида, слични на одбрамбениот бедем од Градина кај Свињиште. Ваквото користење на природните пукнатини и формирањето на јами претходно е забележано на светилиштата на Крит, како и на светилиштето во Пелинце.

Примерот со Пелинце и Кокино е толкуван како дарување на Големата Богинка – Мајка и нејзиниот син – Сонцето, а е доведен во врска со култот на плодноста. Меѓутоа, хтоничниот карактер на јамите, доста често поврзан со култот кон мртвите, досега е неправедно запоставен. Самиот обред на копање на јами, како влез во подземниот свет, либацијата (полагање на течна жртва) која е in situ констатирана на Кокино, зборува за доста можна корелација со хтонските сили, а со тоа и со симболичното жртвување (најчесто преку либација), за дарување на боговите на подземјето. Всушност, за древните народи и Сонцето претставувало бог кој секојдневно излегувал и влегувал од и во утробата на Земјата. Формата на ритуалните јами, особено оние во вид на кружни камени конструкции, во голема мера потсетуваат на гробните конструкции од бронзеното време (особено со ново откриената некропола со кремација во Ранутовац), и можеби имале улога на своевидни кенотафи, покрај кои биле оставани дарови. Ситуацијата со употребата на локалитетот е доста поразлична во доцното бронзено време, кога се јавуваат поголеми количества остатоци од куќен лепеж. Иако и тие може да се доведат во обреден контекст, отворено е и прашањето за постоење на некаков вид на градби, засега во нејасна корелација со регистрираните култови. Веќе во железното време, на спротивната, Јужна тераса е евидентирана населба, и со тоа долго време се претпоставуваше дека е запоставен сакралниот карактер на локалитетот, односно дека се работи за неавтохтоно население кое ја „заборавило“ светоста на ридот. Сепак, континуитетот на материјалната култура од бронзенодопскиот и железнодопскиот период е евидентен, особено преку керамичките форми.



Овој факт, во комбинација со новооткриените железнодопски наоди од сакралната, Северна тераса, го исклучува острото разграничување на сакралниот и профаниот аспект на користење на Татиќев Камен во железното време, и иницира поголеми истражувања на археолошките содржини од Јужната тераса. Во комбинација со астрономскиот аспект, кој е елабориран и признаен во повеќе наврати, археолошкиот аспект на Кокино, уникатен по својата форма, го прави локалитетот ексклузивен, како за науката, така и за туризмот. Поради тоа, Кокино е еден од најважните и најпосетуваните локалитети, кој преку своето милениумско постоење ја оправдува нашата грижа за него.



## Кокино – анализа на наодите

Локалитетот Татиќев Камен во Кокино бил во употреба повеќе од 1500 години. Поради долгата употреба, стрмните падини од северната страна, на кои што напластените слоеви земја ретко кога достигнуваат поголема дебелина од 1,5 м, се покажаа како исклучително неповолни во определувањето на хоризонталната или вертикалната стратиграфија на локалитетот. Сепак, неколку археолошки ситуации, како и аналогниот материјал од блиските култури, ни овозможуваат да добиеме поконкретна слика за периодот на употреба на ридот. Постојат индиции дека најстарите слоеви на локалитетот можеме да ги датираме во првиот (постариот) хоризонт од раното бронзено време. Иако отсуствуваат карактеристичните за овој период „Т" венци на устието, неколку наоди (амфороидниот сад со ребра, чаша со мал изливник, карактеристичниот фрагмент со врежани соларни симболи и криви, брановидни линии, заедно со уште неколку фрагменти од полутопчести здели со правоаголни додатоци на устието, под кое се украсени со бела инкрустација) може



да се датираат кон самиот крај на постарата фаза од раното бронзено време, односно во културниот хоризонт на Бубањ –Хум II – Пелинце I, што, според апсолутните датуми би одговарало на третата четвртина од третиот милениум пр. н.е. Културните влијанија се соодветни на географската положба на локалитетите од кумановската област, како вечна контактна зона помеѓу северот и југот.

Така, иако се евидентни влијанијата од ранобронзенодопските култури од северниот и североисточниот дел на Балканскиот Полуостров, бројни аналогии можеме да констатираме и со медитеранскиот културен круг (наоди од слојот I-II во Троја, 25-23 b на Кастанас, VIII-IV на Езеро и сл.). Помладиот хоризонт од раното бронзено време на Кокино е застапен преку повеќе наоди, а како најбројни се јавуваат секако крушковидните пехари со држалки кои се под или сосема незабележително над устието на садот (т.н. тип „Арменохори“). Карактеристично за Кокино, ваквиот тип на пехари често е украсен со вертикални ребра или пак кружен, пластичен додаток на стомакот. Присутни се и чашите со мали изливници и јазичести или двојно јазичести додатоци на устието, кои ги наоѓаме и кај полутопчестите чинии, како и чинии со блага „S“ профилација со полумесечести псеудодржалки. Хронолошки, овие наоди од Кокино одговараат на културниот хоризонт Бубањ-Хум III-Перник – Пелинце II-III, или на последната четвртина од третиот



милениум пр.н.е., со тоа што некои од формите се повторуваат се до XVIII в. пр.н.е. Типолошки гледано, забележително е единство во материјалната култура на широкиот простор кој денес ги опфаќа југоисточниот дел на Србија, североисточна Македонија и западна Бугарија, а слични манифестации кон крајот на периодот се јавуваат и во северните делови на Егејот, што можеби зборува за миграции кон источниот и јужниот дел на Балканот. Средното бронзено време (XX/XVIII – XV/XIV в. пр.н.е.) на Кокино не е дефинирано стратиграфски, но преку неколку индикативни наоди може да заклучиме дека локалитетот бил во употреба. Како еден од поексклузивните наоди е т.н. „лампа“ која во поновата литература е идентификувана како симболична претстава на печка, најверојатно користена како транспортен сад за вжештени материјали. Неколку садови, украсени со врежани исправени триаголници, исто така можат хронолошки да се сместат во овој период.

Материјалот од доцното бронзено време (1400 – 1200 г.пр.н.е.), иако најмногуброен, сепак не е најден во затворени целини. Керамичките форми варираат, па така, многубројни се чашите со една држалка која го надвишува венецот на устието, зделите со „S“ профилација, големи садови – урни и сл. Повторно се забележливи влијанијата од северот и југот (од северот се присутни влијанија дури од Параќинската култура, додека од југот најзабележителни се карактеристиките на материјалната култура од средното и долното Повардарје), но, очигледно е дека веќе кон крајот од овој период (можеби уште од вториот, а сигурно во третиот хоризонт) , кумановскиот регион, а со тоа и Кокино, целосно е вклучен во т.н. Брњичка култура. Железното време (VIII/VII век пр.н.е.) е застапено на Јужната тераса, додека сосем мал број на наоди од овој период потекнуваат од северниот дел од врвот. Во овој период, констатирани се живеалишта, а материјалната култура е типична за т.н. Пчињска културна група. Овие векови, всушност го означуваат и крајот на употребата на „светиот рид“ над селото Кокино. Се разбира дека прегледот на материјалната култура која е пронајдена на Кокино, не би бил комплетен без да ги вклучиме и останатите наоди кои не припаѓаат на садовата керамика. Ова особено се однесува на доцното бронзено време, кога, освен садовите, пронајдени се дури 6 калапи за лиење на бронза, голем број на камено оружје и орудие, бронзено копје, бронзени игли, како и остатоци од ѕиден лепеж. Карактерот на наодите зборува за можна профана функција на дел од локалитетот, особено кон западната страна на Северната тераса и т.н. Акропола. Споредбено со останатите светилишта, особено со оние од Крит, бројот на фигурините откриени на Кокино е доста мал. Помеѓу најстарите е секако фигурата на двоглавото зооморфно суштество на четири нозе – amphisbaena, кое има паралели со фигурите од Кукутени – Триполи културата, како и со скоро идентичните фигури откриени во доцно-енеолитскиот слој на Јунаците.



Всушност, сите досегашни откриени примери се од доцниот неолит и енеолитот, па затоа, ранобронзенодопскиот примерок од Кокино е уникатен. Веројатно истовремена е и стилизираната керамичка фигурина на долен дел од женско тело со нагласени атрибути (најдена заедно со ранобронзенодопскиот амфороиден сад), за која, повторно, единствените аналогии се од неолитските и енеолитските наоѓалишта. На Кокино е пронајдена и стилизирана фигурина на горен дел од женско тело, со нагласени гради, за која што веќе постојат сличности во ранобронзенодопскиот наод од Пелинце. Претставите на човечка нога со стапало од Кокино веројатно припаѓаат на доцното бронзено време, поради скоро идентичните пронајдоци од доцнобронзенодопските слоеви на Кастанас. Повторно се работи за енигматични наоди, поради тоа што, на една од нив е сочуван и всадникот, што значи дека биле прилепувани кон нешто, можеби кон поголема фигура или сад. Евидентно е отсуството на познатите култни предмети од железното време, а тоа е и уште една потврда за некористењето на Кокино како простор за изведување на ритуали во овој период.



## Каталошки единици:

Рана бронза



1. Фрагментиран сад со врежани брановидни линии и сонца, рано бронзено време.





2. Амфора, рано бронзено време.

3. Чаша со изливник, рано бронзено време.



4. Чаша со изливник, рано бронзено време.



5. Пехар со две рачки, рано бронзено време.

6. Пехар со две рачки, рано бронзено време.



7. Пехар со една рачка, рано бронзено време.

8. Сад за либација, рано бронзено време.



9. Пехар со две рачки, рано бронзено време.



10. Пехар со две рачки, рано бронзено време.



11. Пехар на шуплива, конусна нога, рано бронзено време.





12. Пехар на шуплива, конусна нога, рано бронзено време.

13. Пехар со две рачки, рано бронзено време.



14. Пехар со две рачки, рано бронзено време.



15. Пехар со две рачки, рано бронзено време.

16. Пехар со две рачки, рано бронзено време.



17. Пехар со две рачки, рано бронзено време.

18. Чаша со изливник, рано бронзено време.



19. Бокал, рано бронзено време.





20. Пехар со две рачки, рано бронзено време.

21. Пехар со две рачки, рано бронзено време.



22. Пехар со две рачки, рано бронзено време.

23. Пехар со две рачки, рано бронзено време.



24. Пехар со две рачки, рано бронзено време.



25. Мало камено длето, рано бронзено време.



26. Мала чинија, рано бронзено време.



27. Зооморфна фигурина, т.н. amphisbaena, рано бронзено време.





28. Стилизирана фигурина на долен дел од женско тело, рано бронзено време.

29. Минијатурна камена чинија, рано бронзено време.





30. Антропоморфна женска стилизирана фигурина, рано бронзено време.



31. Длабока чинија, рано бронзено време?



32. Пехар на шуплива, конусна нога.



33. Пехар со две рачки, рано бронзено време.

34. Пехар со две рачки, рано бронзено време.



35. Керамички модел на печка, т.н. лампа, средно бронзено време.





36. Чашка, средно бронзено време.



37. Пехар со една рачка, средно бронзено време.



Доцна бронза



38. Пехар со две рачки, Параќинска култура.



39. Топкалест сад со цилиндричен врат, средно/доцно бронзено време.



40. Чаша, доцно бронзено време?



41. Чаша, доцно бронзено време.



42. Длабока чинија, доцно бронзено време.



43. Длабока чинија, доцно бронзено време.



44. Длабока чинија, доцно бронзено време.



45. Длабока чинија, доцно бронзено време?



46. Длабока чинија, доцно бронзено време.



47. Длабока чинија, доцно бронзено време.



48. Длабока чинија, доцно бронзено време.



49. Длабока чинија, доцно бронзено време.



50. Длабока чинија, доцно бронзено време.



51. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.



52. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.

53. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.



54. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.





55. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.



56. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.





57. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.

58. Чаша, доцно бронзено време.



59. Чаша, доцно бронзено време.





60. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.



61. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.



62. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.

63. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.

64. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.





65. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.

66. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.



67. Чаша со една рачка, доцно бронзено време.

68. Пехар со две рачки, доцно бронзено време.



69. Пехар со две рачки, доцно бронзено време.







70. Пехар со две рачки, доцно бронзено време.

71. Пехар со две рачки, доцно бронзено време.





72. Сад – урна, доцно бронзено време.

73. Сад – урна, доцно бронзено време.





74. Мал питос, доцно бронзено време.

75. Мал питос, доцно бронзено време.





76. Чашка, доцно бронзено време.



77. Фрагмент од камена секира, доцно бронзено време.



78. Камена секира, доцно бронзено време.



79. Фрагмент од камена секира, доцно бронзено време.



80. Фрагмент од камена секира, доцно бронзено време.






81. Камена секира, доцно бронзено време.



82. Фрагмент од камена секира, доцно бронзено време.





83. Фрагмент од камено оружје, доцно бронзено време.

84. Фрагмент од камена секира, доцно бронзено време.



85. Фрагмент од камена секира, доцно бронзено време.




86. Фрагмент од камено оружје, доцно бронзено време.





87. Фрагмент од камена секира, доцно бронзено време.

88. Фрагмент од камена секира, доцно бронзено време.



89. Фрагмент од камен боздоган, доцно бронзено време.





90. Камен чекан, доцно бронзено време.



91. Камено ноже, доцно бронзено време.



92. Калап, доцно бронзено време.



93. Калап, доцно бронзено време.



94. Калап, доцно бронзено време.



95. Калап, доцно бронзено време.



96. Калап, доцно бронзено време.



97. Камена мелница, доцно бронзено време.






98. Фрагмент од керамичка цедалка, доцно бронзено време.





99. Фрагмент од бронзено ноже, доцно бронзено време.



100. Бронзено копје, доцно бронзено време.



101. Бронзена игла, доцно бронзено време.

102. Бронзена игла, доцно бронзено време.



103. Висулец-острило, доцно бронзено време.



104. Камен предмет (привезок), доцно бронзено време.



105. Модел на човечка нога, доцно бронзено време.

106. Модел на човечка нога , доцно бронзено време.

107. Модел на човечка нога, доцно бронзено време.



108. Камен предмет (привезок), доцно бронзено време.



109. Камен предмет (привезок), доцно бронзено време.



110. Камено длето, доцно бронзено време.



111. Пирамидални тегови, доцно бронзено време.





112. Плочки, доцно бронзено време.



113. Прешлени, доцно бронзено време.





114. Бокал, железно време.



115. Чинија, железно време.



116. Бокал, железно време.



117. Чинија, железно време.

БИБЛИОГРАФИЈА


Bulatović A., *Relations between Cultural Groups in the Early Bronze Age in Southeastern Serbia, Western Bulgaria and Northeastern Macedonia*, Archaeologia Bulgarica 15-2, Sofia 2011, 59-72

Булатовиќ А.- Станковски Ј., *Бронзено доба во басенот на Јужна Морава и Пчиња*, Белград – Куманово 2012

Bulatović A., *Oven models from Early Bronze Age Settlements in Central and Southern Parts of the Balkan Peninsula*, Archaeologia Bulgarica XVII - 1, Sofia 2013, 1–13

Bulatović A., *New finds as a contribution to the study of the early bronze age in the southern part of the central Balkans*, Starinar 64, Beograd 2014, 57-75

Булатовић А., *Феномен праисторијских ритуалних јама*, Старинар 65, Београд 2015, 7-29.

Djordjevic N., *Geological reconnaissance of the terrain on the archaeological localities around Kumanovo during year 2002*, Pyraichmes 2, Kumanovo 2003, 263-279

Kuzmanovska O. – Stankovski J., *The Role of Astronomical Alignments in the Rituals of the Peak Sanctuary at Kokino, Macedonia*, Journal of Astronomical History and Heritage, Vol. 14, No. 3, (2011), 221-229

Kuzmanovska O. – Stankovski J., *The astronomical relation of the ritual platforms of the peak sanctuary Kokino*, Mediterranean Archaeology and Archaeometry, Vol. 14, No 3, (2014), 259-269

Kuzmanovska O. – Stankovski J.- Apostolovska G., *Solar and lunar calendars of the mountain sanctuary Kokino*, American Institute of Physic Conference proceedings 1722 (2016), 04003/1-04003/4

Mitrevski D., *From Southern Morava to Vardar – Bronze and Iron Age archaeological parameters*, Pyraichmes 2, Kumanovo 2003, 1- 30

Михайлов Ф., *Обредни практики и места на връх Свети Петър, село Долна Секирна, област Перник*, Известия на регионален исторически музей Перник 1, Перник 2008, 7-28.

Станковски Ј., *Татиќев Камен – Мегалитска опсерваторија и светилиште*, Музејски Гласник 7-9, Куманово 2002, 29-48

Stankovski J., *Three megalithic monuments in the region of Kumanovo*, Pyraichmes 2, Kumanovo 2003, 229-249

Stankovski J. – Cenev Gj., *Kokino – Holly mountain and ancient observatory*, Macedonian Affairs 6-1, Skopje 2006, 5-20

Stankovski J., *Kokino – Fortress of the Sun (catalogue of exhibition)*, Kumanovo 2007

Stankovski, J., *The Peak sanctuary Tatićev kamen at the village of Kokino and two of its cults*, Thracia XVII, Sofia 2007, 259-268

Станковски J., *Бронзенодопско копје од локалитетот Татиќев Камен во село Кокино*, Музејски гласник 10, Куманово 2009, 3-12

Станковски, J., *Прилог кон проучување на обредната практика на локалитетот Татиќев Камен, село Кокино*, Macedoniae Acta Archaeologica 19, Скопје 2010, 115-125

Станковски J. – Петковски М., *Кокино (каталог на изложба)*, Куманово 2016

Stoev A.- Stoeva P., *Archaeoastronomical interpretation of the Taticev Kamen rock cut monument near the Kokino village, Staro Nagoricane municipality, Macedonia*, Pyraichmes 2, Kumanovo 2003, 329-339

Ценев Ѓ., *Мегалитска опсерваторија во Кокино*, Музејски Гласник 7-9, Куманово 2002, 49-68

Cenev Gj., *Archaeo – astronomical characteristics of the Kokino archaeological site*, Bulgarian Astronomical Journal 9, Sofia 2007, 133-147

Cenev Gj., *Kokino Calendar*, Publ. Astron. Obs. Belgrade No. 85, Belgrade 2008, 87 – 94



МУЗЕЈ КУМАНОВО

Национална Установа Музеј Куманово
Македонија
2017год.